**Households that used computer and Internet**

%

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2022** | | | | | | | | | |
| Компјутер | … | … | … | … | … | … | … | … | … | Computer |
| Интернет | 87 | 74 | 78 | 86 | 87 | 85 | 98 | 86 | 89 | Internet |
| | **2023** | | | | | | | | | |
| Компјутер | … | … | … | … | … | … | … | … | … | Computer |
| Интернет | 88 | 92 | 94 | 89 | 87 | 84 | 75 | 87 | 92 | Internet |
| | **2024** | | | | | | | | | |
| Компјутер | … | … | … | … | … | … | … | … | … | Computer |
| Интернет | 91 | 82 | 92 | 92 | 97 | 87 | 95 | 80 | 93 | Internet |

Во однос на бројот на домаќинства во регионот, учеството на домаќинствата што имале пристап на интернет во 2024 година е најголемо во Југоисточниот  Регион (97 %).

In relation to the number of households in the region, the share of households that had access to the Internet in 2024 was highest in the Southeast Region  (97%).

**Лица на возраст 15 – 74 години кои користеле компјутер и интернет**

**Individuals aged 15-74 who used computer and Internet**

%

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2022** | | | | | | | | | |
| Компјутер | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | Computer |
| Интернет | 90 | 74 | 82 | 90 | 88 | 82 | 99 | 91 | 95 | Internet |
| | **2023** | | | | | | | | | |
| Компјутер | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | Computer |
| Интернет | 89 | 95 | 93 | 88 | 88 | 86 | 78 | 90 | 91 | Internet |
| | **2024** | | | | | | | | | |
| Компјутер | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | Computer |
| Интернет | 94 | 88 | 96 | 94 | 94 | 91 | 97 | 90 | 94 | Internet |

Најголемо учество на лицата на возраст од 15 до 74 години што користеле интернет во 2024 година има во Полошкиот Регион (97 %).

The largest share of persons aged 15-74 who used the Internet in 2024 was registered in the Polog Region (97%).

**Туризам**

**Tourism**

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2022** | | | | | | | | | |
| Број на соби | 30 096 | 649 | 694 | 16 950 | 2 550 | 3 668 | 1 259 | 354 | 3 972 | Number of rooms |
| Број на легла | 76 911 | 1 644 | 1 889 | 43 259 | 6 567 | 10 840 | 3 773 | 777 | 8 162 | Number of beds |
| Вкупно туристи | 969 277 | 20 222 | 21 579 | 378 226 | 134 405 | 50 506 | 40 293 | 10 430 | 313 616 | Total number of tourists |
| Домашни туристи | 431 841 | 8 334 | 15 181 | 209 929 | 94 102 | 33 000 | 20 411 | 4 264 | 46 620 | Domestic tourists |
| Странски туристи | 537 436 | 11 888 | 6 398 | 168 297 | 40 303 | 17 506 | 19 882 | 6 166 | 266 996 | Foreign tourists |
| Вкупно ноќевања | 2 848 604 | 44 381 | 47 605 | 1 461 780 | 465 811 | 121 979 | 79 842 | 19 588 | 607 618 | Total nights spent |
| Домашни | 1 703 841 | 25 039 | 32 669 | 1 022 896 | 387 796 | 74 128 | 39 076 | 5 876 | 116 361 | Domestic nights spent |
| Странски | 1 144 763 | 19 342 | 14 936 | 438 884 | 78 015 | 47 851 | 40 766 | 13 712 | 491 257 | Foreign nights spent |
| | **2023** | | | | | | | | | |
| Број на соби | 30 360 | 672 | 762 | 16 996 | 2 530 | 3 661 | 1 259 | 398 | 4 082 | Number of rooms |
| Број на легла | 77 580 | 1 717 | 2 033 | 43 482 | 6 491 | 10 800 | 3 773 | 847 | 8 437 | Number of beds |
| Вкупно туристи | 1 168 730 | 19 512 | 23 304 | 456 194 | 140 507 | 57 011 | 43 274 | 11 576 | 417 352 | Total number of tourists |
| Домашни туристи | 434 591 | 7 725 | 14 187 | 210 591 | 90 233 | 36 022 | 21 885 | 3 663 | 50 285 | Domestic tourists |
| Странски туристи | 734 139 | 11 787 | 9 117 | 245 603 | 50 274 | 20 989 | 21 389 | 7 913 | 367 067 | Foreign tourists |
| Вкупно ноќевања | 3 135 767 | 35 084 | 47 509 | 1 624 162 | 455 379 | 128 972 | 82 137 | 31 145 | 731 379 | Total nights spent |
| Домашни | 1 728 469 | 17 337 | 28 423 | 1 073 550 | 373 851 | 74 361 | 40 047 | 4 975 | 115 925 | Domestic nights spent |
| Странски | 1 407 298 | 17 747 | 19 086 | 550 612 | 81 528 | 54 611 | 42 090 | 26 170 | 615 454 | Foreign nights spent |

## Туризам
## Tourism

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | | | | | | | | |
| Број на соби | 28 620 | 671 | 719 | 16 285 | 2 506 | 2 896 | 1 257 | 397 | 3 889 | Number of rooms |
| Број на легла | 72 110 | 1 686 | 2 012 | 41 330 | 6 469 | 8 430 | 3 784 | 847 | 7 552 | Number of beds |
| Вкупно туристи | 1 260 425 | 30 031 | 22 187 | 508 623 | 138 445 | 54 624 | 40 961 | 12 100 | 453 454 | Total number of tourists |
| Домашни туристи | 430 246 | 11 596 | 13 195 | 210 985 | 87 155 | 34 739 | 20 476 | 3 360 | 48 740 | Domestic tourists |
| Странски туристи | 830 179 | 18 435 | 8 992 | 297 638 | 51 290 | 19 885 | 20 485 | 8 740 | 404 714 | Foreign tourists |
| Вкупно ноќевања | 3 297 732 | 46 121 | 45 081 | 1 724 245 | 440 620 | 137 041 | 75 258 | 19 888 | 809 478 | Total nights spent |
| Домашни | 1 765 093 | 20 653 | 26 422 | 1 127 462 | 360 683 | 75 937 | 36 123 | 4 781 | 113 032 | Domestic nights spent |
| Странски | 1 532 639 | 25 468 | 18 659 | 596 783 | 79 937 | 61 104 | 39 135 | 15 107 | 696 446 | Foreign nights spent |

Во 2024 година, најмногу домашни туристи се регистрирани во Југозападниот Регион (49.04 %), а најмалку во Североисточниот Регион (0.78 %). Од друга страна, пак, најмногу странски туристи се забележани во Скопскиот Регион (48.75 %), а најмалку во Североисточниот Регион (1.05 %).

In 2024, the largest percentage of domestic tourists was registered in the Southwest Region (49.04%), while the smallest percentage was in the Northeast Region (0.78%). On the other hand, the Skopje Region had the most foreign tourists (48.75%), while the smallest percentage was in the Northeast Region (1.05%).

## Угостителство
## Catering

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2021** | | | | | | | | | |
| Деловни единици | 2 147 | 171 | 150 | 270 | 161 | 158 | 510 | 166 | 561 | Business entities |
| Работници | 15 933 | 1 089 | 850 | 3 064 | 1 800 | 1 127 | 1 599 | 880 | 5 524 | Employees |
| Седишта | 128 783 | 10 408 | 7 421 | 24 097 | 12 194 | 13 610 | 17 620 | 9 302 | 34 131 | Seats |
| Вкупно во илј. денари | 13 346 492 | 832 147 | 595 954 | 2 316 165 | 928 186 | 1 004 937 | 938 530 | 661 545 | 6 069 028 | Total in 000 MKD |
| Пијалаци во илј. денари | 3 053 886 | 265 003 | 158 671 | 398 975 | 248 654 | 252 604 | 217 670 | 199 386 | 1 312 923 | Beverages in 000 MKD |
| Храна и напивки во илј. денари | 7 678 187 | 509 122 | 323 518 | 1 038 714 | 468 446 | 672 625 | 563 131 | 361 150 | 3 741 481 | Food and beverages in 000 MKD |
| Ноќевања во илј. денари | 1 624 208 | 45 190 | 62 154 | 630 023 | 164 095 | 73 922 | 119 424 | 9 485 | 519 915 | Nights spent in 000 MKD |
| Друг промет во илј. денари | 990 211 | 12 832 | 51 611 | 248 453 | 46 991 | 5 786 | 38 305 | 91 524 | 494 709 | Other turnover in 000 MKD |
| | **2022*** | | | | | | | | | |
| Деловни единици | 2 107 | 161 | 137 | 264 | 158 | 147 | 505 | 169 | 566 | Business entities |
| Работници | 16 500 | 1 116 | 804 | 2 995 | 1 951 | 1 087 | 1 609 | 878 | 6 060 | Employees |
| Седишта | 130 645 | 10 823 | 7 474 | 23 811 | 11 303 | 12 786 | 19 063 | 10 794 | 34 591 | Seats |
| Вкупно во илј. денари | 18 955 366 | 1 147 708 | 733 811 | 3 327 560 | 1 360 678 | 1 381 994 | 1 173 080 | 998 545 | 8 831 989 | Total in 000 MKD |
| Пијалаци во илј. денари | 4 432 084 | 401 385 | 240 985 | 585 876 | 358 491 | 371 647 | 332 804 | 329 968 | 1 810 928 | Beverages in 000 MKD |
| Храна и напивки во илј. денари | 10 546 452 | 649 655 | 383 542 | 1 401 062 | 684 277 | 879 120 | 684 323 | 554 957 | 5 309 516 | Food and beverages in 000 MKD |
| Ноќевања во илј. денари | 2 751 343 | 80 758 | 81 401 | 1 006 261 | 267 282 | 122 303 | 123 559 | 19 071 | 1 050 710 | Nights spent in 000 MKD |
| Друг промет во илј. денари | 1 225 487 | 15 909 | 27 884 | 334 361 | 50 629 | 8 924 | 32 394 | 94 550 | 660 836 | Other turnover in 000 MKD |

## Угостителство
## Catering

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2023[1)]** | | | | | | | | | |
| Деловни единици | 1 158 | 102 | 82 | 168 | 99 | 141 | 102 | 94 | 370 | Business entities |
| Работници | 13 709 | 818 | 684 | 2 637 | 1 853 | 1 290 | 710 | 720 | 4 997 | Employees |
| Седишта | 101 486 | 8 411 | 6 137 | 19 827 | 10 063 | 14 511 | 7 174 | 7 799 | 27 564 | Seats |
| Вкупно во илј. денари | 20 627 289 | 1 133 184 | 745 987 | 3 897 036 | 1 261 854 | 1 950 823 | 895 685 | 1 053 531 | 9 689 189 | Total in 000 MKD |
| Пијалаци во илј. денари | 4 383 505 | 367 250 | 234 358 | 560 494 | 325 742 | 547 253 | 183 015 | 297 773 | 1 867 620 | Beverages in 000 MKD |
| Храна и напивки во илј. денари | 11 239 833 | 617 627 | 399 528 | 1 596 361 | 610 588 | 1 236 435 | 519 763 | 580 472 | 5 679 059 | Food and beverages in 000 MKD |
| Ноќевања во илј. денари | 3 765 247 | 107 598 | 106 413 | 1 376 705 | 249 425 | 152 783 | 165 164 | 27 280 | 1 579 879 | Nights spent in 000 MKD |
| Друг промет во илј. денари | 1 238 704 | 40 709 | 5 688 | 363 476 | 76 099 | 14 352 | 27 743 | 148 006 | 562 631 | Other turnover in 000 MKD |

[1)] Податоците за индивидуалните угостителски дуќани сè уште не се на располагање.

[1)] The data on individual catering establishments are not yet available

**Структура на туристите во Република Северна Македонија**

**Structure of tourists in the Republic of North Macedonia**



**Број на туристи и ноќевања во Република Северна Македонија, 2024 година**

**Number of tourists and nights spent in the Republic of North Macedonia, 2024**



## Број на туристи и ноќевања во хотели, 2024 година
## Number of tourists and nights spent in hotels, 2024

Просечен број на ноќевања на туристи во хотели:
*Average number of nights spent of tourists in hotels:*

- >2.00
- 1.81 - 2.00
- 1.61 - 1.80
- <=1.60

Број на туристи кои ноќевале во хотели:
*Number of tourists with nights spent in hotels:*




Домашни / *Domestic*
Странски / *Foreign*




Број на туристи кои ноќевале во хотели:
*Total number of tourists with nights spent in hotels:* 1011596

Број на ноќевања во хотели:
*Number of nights spent in hotels:* 1929838

Просечен број на ноќевања во хотели:
*Average number of nights spent in hotels:* 1.9

## Вардарски Регион

## Vardar Region




Вардарскиот Регион го зафаќа централниот дел на Република Северна Македонија и се протега по течението на реката Вардар и во Овчеполската Котлина. Овој Регион, има најмал број жители, односно 7.5 % од вкупното население (процена на населението на 30.06.2024 година). Се простира на 16.2 % од територијата на Република Северна Македонија и истовремено е и најретко населен регион со само 33.8 жители на км$^2$.

Богатството на водни ресурси - реки и вештачки езера, поволните климатски услови, односно влијанието на медитеранската клима, која во овој Регион навлегува по долината на реката Вардар, како и специфичната геоморфолошка конфигурација на теренот, претставуваат главни предуслови овој Регион да биде препознатлив по производството на овошје и винова лоза со карактеристично географско потекло. Како резултат на ова, во овој Регион се концентрирани најголем дел од винарските визби и преработувачките капацитети за винова лоза во Република Северна Македонија.

За овој Регион се важни наоѓалиштата на фероникел, како и неговата експлоатација и преработка.

The Vardar Region comprises the central part of the Republic of North Macedonia and spreads along the Vardar River and Ovchepole Basin. This region had the smallest number of citizens, 7.5% of the total population, (population estimationestimates, at 30.06.2024). It covers 16.2% of the area of the Republic of North Macedonia and at the same time is the most sparsely populated region with only 33.8 citizens per km$^2$.

The abundance of water resources - rivers and artificial lakes, the favourable Mediterranean climate that penetrates along the Vardar River valley and the geomorphological configuration of the terrain are the main preconditions for this region to be renowned for its production of fruit and geographically specific grape vines. As a result, this region has the largest number of wine cellars and grape processing facilities in the country.

Another important industry is the manufacture and processing of ferronickel.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Вардарскиот Регион**
**Vardar Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 9 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 215 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 136 535 | Total population, Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 33.8 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 46 793 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3.0 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 59 103 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 1 008 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 1 757 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 749 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 149 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 326 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 55.5 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 48.6 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 12.5 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 50 726 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 33 844 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 77 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта, 2024/2025 | 11 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование, 2024/2025 | 12 522 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование, 2024/2025 | 4 361 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 401 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 5 186 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 412 234 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 1 686 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 30 031 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 46 121 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 220 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 3 208 666 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 248 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Источен Регион

## East Region




Источниот Регион е претежно планински регион и го опфаќа крајниот исток на Република Северна Македонија. Се простира по течението на реката Брегалница, односно се протега низ Штипската, Малешевско-пијанечката Котлина и Кочанското Поле. Регионот зафаќа 14.2 % од вкупната територија на Северна Македонија со 8.1 % од вкупниот број на населението (процена на населението на 30.06.2024 година) и со густина на населението од 41.5 жители на км$^2$.

Природно-географските, климатските и хидролошките карактеристики даваат потенцијал за производство на ориз, особено во Кочанското Поле, каде што се произведува ориз од познато географско потекло, додека Пијанечката и Малешевската Котлина се особено погодни за развој на овоштарството и градинарството.

Поради специфичните геолошки карактеристики на планинските масиви во Регионот, се врши експлоатација на олово-цинкова руда. Традиционално, во овој Регион е развиена и текстилната индустрија и во него се лоцирани и голем број конфекциски капацитети. Планинските терени во овој Регион претставуваат солиден потенцијал за развој на зимскиот и алтернативниот туризам, иако тие се сè уште во зачеток.

The East Region is mainly a mountainous region and comprises the extreme east of the Republic of North Macedonia. It spreads along the Bregalnica River, over the basins of Shtip, Maleshevo and Pijanec and the field of Kochani. The region comprises 14.2% of the total area of the Republic of North Macedonia, with 8.1% of the total population (population estimates at 30.06.2024) and 41.5 citizens per km$^2$.

The natural, geographical, climate and hydrological characteristics give the potential for production of rice, especially in the Kochani Field, which is well renowned for its rice. The basins of Pijanec and Maleshevo are favourable for growing fruits and vegetables.

Due to the specific geological characteristics of mountain ranges, the region has a developed lead and zinc mining industry. Another important industry is the textile industry, and a large number of textile manufacturing plants are located in this region. The mountainous terrains in the region have great potential for development of winter and alternative tourism even though they are still in the early stages of development.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Источниот Регион**
**East Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 11 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 217 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 146 920 | Total population, Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 41.5 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 55 781 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 84 324 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 936 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 1 974 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 1 038 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 1 043 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 185 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 51.3 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 48.0 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 6.4 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 52 937 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 35 256 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 83 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта, 2024/2025 | 13 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование, 2024/2025 | 11 448 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование, 2024/2025 | 4 568 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 539 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 5 437 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 449 945 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 2 012 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 22 187 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 45 081 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 383 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 3 211 141 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 391 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Југозападен Регион

## Southwest Region




Југозападниот Регион го опфаќа крајниот југозападен дел на Република Северна Македонија. Според процената на населението, на 30.06.2024 година, во него живеат 9.6 % од вкупното население во Република Северна Македонија. Овој Регион се простира на 13.4 % од вкупната површина на државата, со густина на населението од 52.7 жители на км$^2$.

Конфигурацијата на теренот, опфаќајќи ги сливните подрачја на реките Треска и Црн Дрим, како и басенот на Охридското Езеро, укажува на големиот хидропотенцијал на овој Регион, делумно искористен со лоцирање на вештачките езера Шпилје и Глобочица со инсталирани хидроелектрани. Ваквите природно-географски карактеристики и благата клима отвораат можности за искористување на потенцијалите за развој на овоштарството.

Регионот опфаќа повеќе високи планини богати со разновидна шума која дава можност за искористување на дрвната маса во преработувачката дрвна индустрија.

За развојот на овој Регион најголемо значење има туризмот, за што најголема улога имаат природните карактеристики на Охридското Езеро и културно-историското значење на охридското подрачје, кои се заштитени од УНЕСКО. Голем потенцијал за развој на оваа гранка нудат и националниот парк Галичица, како и минералните и топли извори во дебарскиот крај кои овозможуваат развој и на бањскиот туризам.

The Southwest Region comprises the extreme southwest part of the Republic of North Macedonia. According to the population estimates at 30.06.2024, 9.6% of the total population in the country lived in this region. It takes up 13.4% of the total area of the country and has a population density of 52.7 citizens per km$^2$.

The configuration of the terrain, encompassing the river basins of Treska and Crn Drim and the Ohrid Lake basin, indicates the great hydro potential of the region, partly utilised by the artificial lakes Shpilje and Globochica with their hydroelectric plants. These natural geographical characteristics and the mild climate provide opportunities for development of fruit growing.

The region includes a number of high mountains covered with lush forests, which provide timber for the needs of the wood processing industry.

Tourism has great importance for the development of this region, mostly owing to the natural characteristics of Ohrid Lake and the cultural and historical significance of the Ohrid area, protected by UNESCO. No less important for the development of tourism is the National Park Galichica, as well as the mineral and hot water springs near Debar.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Југозападниот Регион**
**Southwest Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 9 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 286 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 175 901 | Total population,  Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 52.7 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 57 500 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3.1 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 101 078 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 1 415 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 1 828 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 413 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 547 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 131 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 48.5 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 38.8 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 20.1 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 55 245 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 36 755 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 123 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта,  2024/2025 | 14 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование,  2024/2025 | 16 128 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование,  2024/2025 | 6 011 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 568 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 7 175 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 440 649 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 41 330 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 508 623 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 1 724 245 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 1 111 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 8 362 263 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 334 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Југоисточен Регион

## Southeast Region




Југоисточниот Регион се протега на крајниот југоисточен дел од Република Северна Македонија и го опфаќа подрачјето на Струмичко - радовишката и Гевгелиско - валандовската Котлина, односно долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Според проценатa на населението на 30.06.2024 година, во Регионот живеат 8.0 % од вкупното население во Република Северна Македонија. Се простира на 10.9 % од вкупната површина на државата, со густина на населението од 53.4 жители на км$^2$.

Богатата хидрографска мрежа, големиот број сончеви денови, климатското поднебје и поволните педолошки услови го карактеризираат Регионот како претежно земјоделски.

Квалитетното и обемно производство на раноградинарски култури, свеж зеленчук и овошје, како и индустриски земјоделски култури, овозможува развој на конзервно-преработувачката индустрија на земјоделски производи, по што е препознатлив овој Регион.

Во последните години е забележлив трендот на пораст на туризмот како стопанска гранка, претставен преку зголемувањето на бројот на сместувачките капацитети, туристите и ноќевањата во Регионот. Ова се должи најмногу на ревитализацијата и искористувањето на Дојранското Езеро како туристички потенцијал.

Карактеристично за регионот е тоа што во 2021 година стапката на вработеност беше највисока во однос на останатите региони и изнесуваше 62.3.

The Southeast Region is located in the extreme southeast part of the country and comprises the Strumica-Radovish and Gevgelija-Valandovo basins, the Strumica River valley and the lower course of the Vardar River. According to the population estimates at 30.06.2024, 8.0% of the total population in the Republic of North Macedonia lived in this region. The region covers 10.9% of the total land area of the country and has a population density of 53.4 people per km2.

The extensive hydrographic network, the great number of sunny days, the climate and the favourable pedologic conditions characterise the region as predominantly agricultural. The large-scale production of high-quality early vegetables, fruits and industrial crops enable the development of the canning and food processing industry, for which this region is renowned.

In recent years, there has been an increasing trend in tourism, shown by the increased number of accommodation facilities, tourists and nights spent in the region. This is mostly due to the revitalisation of the Dojran Lake and its exploitation for tourism.

Another specific feature of the region is that in 2021, compared to the other regions, it had the highest employment rate of 62.3.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Југоисточниот Регион**
**Southeast Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 10 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 188 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 146 215 | Total population,  Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 53.4 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 52 537 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 2.8 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 74 588 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 1 068 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 1 881 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | -  813 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 267 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 44 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 57.9 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 54.9 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 5.1 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 50 235 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 33 502 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 111 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта,  2024/2025 | 8 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование,  2024/2025 | 12 931 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование,  2024/2025 | 4 298 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 349 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 5 461 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 551 053 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 6 469 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 138 445 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 440 620 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 643 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 4 583 026 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 486 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Пелагониски Регион

## Pelagonia Region




Пелагонискиот Регион се наоѓа на југот на Република Северна Македонија и ги опфаќа Пелагониската Котлина и басенот на Преспанското Езеро. Овој Регион е најголем и опфаќа 18.9 % од површината на Република Северна Македонија, но е еден од најретко населените региони, со густина на населението од 43.9 жител на км$^2$. Во него живеат 11.3 % од вкупното население (процена на населението на 30.06.2024 година) во Република Северна Македонија.

Пелагониската Котлина, која претставува најголема рамница во Република Северна Македонија, преспанскиот езерски басен, како и специфичните климатски услови и поволната хидрографска мрежа се основни предуслови за развој на земјоделството во овој Регион. Токму од овие причини, овој Регион е житница на Република Северна Македонија и најголем производител на тутун, јаболка, но и најголем млекопроизводител.

Истовремено, на територијата на овој Регион се лоцирани и најголемите наоѓалишта на јаглен, па оттаму, овој Регион е и најголем производител на електрична енергија.

Преспанското Езеро, националниот парк Пелистер, зимскиот туристички центар Крушево претставуваат основа за развој на летниот, зимскиот и културниот туризам.

The Pelagonia Region is located in the south of the Republic of North Macedonia and comprises the Pelagonia basin and the Prespa Lake basin. This region is the largest, covering 18.9% of the total land area of the country, but also one of the most sparsely populated, having a population density of 43.9 people per km2. 11.3% of the total population ( population estimates at 30.06.2024) of the Republic of North Macedonia lived in this region.

The Pelagonia basin, which is the largest plain in the country, the Prespa Lake basin, the specific climate and the extensive hydrographic network are the basic preconditions for the agricultural development in the region. All of this makes this region the breadbasket of the country and the largest producer of tobacco, apples and milk.

At the same time, the largest coal deposits are located in this region, making it the country's largest producer of electricity.

The Prespa Lake, the Pelister National Park and the winter tourist resort Krusevo represent the basis for development of summer, winter and cultural tourism in the region.

**Процена на населението на 30.06.2024 година,
по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3
Estimate of population at 30.06.2024,
according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Пелагонискиот Регион**
**Pelagonia Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 9 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 343 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 206 939 | Total population, Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 43.9 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 72 440 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 2.9 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 107 602 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 1 600 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 2 761 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 1 161 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 350 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 5 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 57.2 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 50.8 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 11.2 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 58 122 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 38 657 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 163 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта, 2024/2025 | 20 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование, 2024/2025 | 18 138 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование, 2024/2025 | 7 749 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 784 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 7 424 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 472 082 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 8 430 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 54 624 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 137 041 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 389 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 7 813 159 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 365 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Полошки Регион

## Polog Region




Полошкиот Регион го зафаќа северозападниот дел на Република Северна Македонија, односно Полошката Котлина и долината на реката Радика. Регионот се простира на 9.7 % од вкупната површина на државата. Карактеристично е што во овој Регион живеат 13.8 % од вкупното население (процена на населението на 30.06.2024 година) и е еден од најгусто населените региони со 104.3 жители на км$^2$.

Богатата хидрографска мрежа претставува голем хидроенергетски потенцијал, делумно искористен преку инсталираните хидроелектрани на Мавровското Езеро.

Вегетациските карактеристики на Полошката Котлина и околните планини создаваат предуслови за развој на земјоделството, а особено на сточарството, по што е познат овој Регион.

Високите планински терени, специфичниот релјеф и климатските услови овозможуваат во овој Регион да се лоцираат најпознатите зимски туристичко-рекреативни центри.

За Регионот е карактеристичен нискиот БДП по жител, кој во 2023 година изнесуваше 269 717 денари. Регионот учествуваше со 7.5 % во вкупниот БДП.

The Polog Region comprises the northwest part of the Republic of North Macedonia, the Polog basin and the valley of the river Radika. It covers 9.7% of the country's total land area. With 104.3 people per km2, Polog is one of the most densely populated regions, and 13.8% of the total population lived in this region (population estimates at 30.06.2024).

The extensive hydrographic network has great hydroelectric potential, which is utilised to some extent by the hydroelectric plants on Mavrovo Lake.

The specific vegetation of the Polog basin and the surrounding mountains create favourable conditions for the development of agriculture, and especially cattle breeding, for which this region is renowned.

Owing to the high mountain ranges, the specific landscape and the climate, the most popular winter resorts are located in this region.

This region is characterised by a low GDP per capita, which in 2023 was 269717 denars. The region participated with 7.5% in the total GDP.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Полошкиот Регион**
**Polog Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 9 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 184 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 252026 | Total population,  Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 104.3 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 72 343 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3.5 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 100 647 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 2 190 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 2 268 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 78 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 1 676 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 88 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 46.1 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 38.0 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 17.6 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 55 145 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 36 673 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 143 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта,  2024/2025 | 17 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование,  2024/2025 | 25 768 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование,  2024/2025 | 10 131 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 1 026 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 8 777 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 269 717 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 3 784 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 40 961 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 75 258 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 910 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 8 448 139 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 770 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Североисточен Регион

## Northeast Region




Североисточниот Регион го опфаќа крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија и се простира по течението на реките Пчиња и Крива Река. Регионот е еден од најмалите по површина, зафаќа 9.3 % од вкупната површина на Република Северна Македонија, со население што изнесува 8.3 % од вкупниот број на населението (процена на населението на 30.06.2024 година) и густина од 65.8 жители на км$^2$.

Имајќи ги предвид геолошките карактеристики на Осоговските Планини во Регионот, овде се лоцирани неколку наоѓалишта на оловно-цинкова руда во кои се врши експлоатација.

Природните услови и ресурси на Североисточниот Регион нудат потенцијал за развој и унапредување на сточарството и развој на месната и млечната прехранбена индустрија.

Карактеристично за Регионот е тоа што во 2023 година тој учествуваше само со 4.5 % во вкупниот БДП, што претставува најмало учество во однос на останатите региони.

Во 2021 година стапката на вработеност беше најниска во однос на останатите региони и изнесуваше 33.7.

The Northeast Region comprises the extreme northeast part of the Republic of North Macedonia and spreads along the rivers Pchinja and Kriva Reka. It is one of the smallest regions, covering only 9.3% of the country's total land area and with population density of 65.8 people per km$^2$. 8.3% of the total population (population estimates at 30.06.2024) of the Republic of North Macedonia lived in this region.

Owing to the geological features of the Osogovo mountain range, the region has several lead and zinc mines.

The natural conditions and resources of the Northeast Region provide good opportunities for the development and promotion of the meat and dairy processing industry.

In 2023, the region had a share of only 4.5% in the total GDP, the smallest compared to the other regions.

The employment rate in 2021 was 33.7 - lowest compared to the other regions.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Североисточниот Регион**
**Northeast Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 6 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 192 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 152 005 | Total population,  Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 65.8 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 48 401 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3.2 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 68 580 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 1 348 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 1 613 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | - 265 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 295 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 404 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 47.7 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 36.2 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 24.0 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 50 680 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 33 745 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 83 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта,  2024/2025 | 10 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование,  2024/2025 | 14 530 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование,  2024/2025 | 5 644 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 541 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 4 190 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 266 323 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 847 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 12 100 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 19 888 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 108 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 3 269 375 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 149 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Скопски Регион

## Skopje Region




Скопскиот Регион го зафаќа крајниот северен дел на Република Северна Македонија и се простира во Скопската Котлина. Овој Регион е најмал по површина и зафаќа само 7.3 % од вкупната територија. Според процената на населението на 30.06.2024 година, тој е најнаселен со 33.3 % од вкупното население и истовремено е и најгусто населениот регион со 335.3 жители на км$^2$.

Овој Регион претставува главна крстосница на Република Северна Македонија, со најповолна сообраќајна инфраструктура.

Во Регионот се концентрирани најголемиот дел од индустриските, трговските и услужните капацитети. Во овој Регион се наоѓа главниот град на Република Северна Македонија, Скопје, кој е економски, административен, универзитетски и културен центар на државата. Како последица на ова, во однос на внатрешните миграциски процеси, овој Регион претставува најголемо имиграциско подрачје.

Особено карактеристично за Скопскиот Регион е тоа што во 2023 година БДП по жител беше најголем и изнесуваше 682 511 денари. Исто така, Регионот имаше најголемо учество од 45.9 % во вкупниот БДП.

The Skopje Region comprises the northernmost part of the Republic of North Macedonia and extends across the Skopje basin. This region is the smallest and covers only 7.3% of the total land area of the country. With 335.3 people per km2 and 33.3% of the country's total population (population estimates at 30.06.2024), Skopje is the most populous region in the Republic of North Macedonia.

This region is the main hub of the country and has the most developed transport infrastructure.

Most of the country's industrial, trade and service capacities are concentrated in this region.

Skopje, the capital of the Republic of North Macedonia, is located in this region, and it is the economic, administrative, cultural and academic centre of the country. As a result, in terms of internal migration, this region represents the largest immigration area.

In 2023, the Skopje Region had the highest GDP per capita (682 511 denars) compared to the other regions, and it participated with 45.9% in the total GDP of the Republic of North Macedonia.

**Процена на населението на 30.06.2024 година, по пол и по петгодишни групи на возраст, НТЕС 3**
**Estimate of population at 30.06.2024, according to gender and five-year age groups, NUTS 3**



**Основни податоци за Скопскиот Регион**
**Skopje Region - Basic Statistical Data**

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини | 17 | Number of municipalities |
| Број на населени места | 142 | Number of settlements |
| Вкупно население, проценка на населението, 2024 | 607 818 | Total population,  Population estimation, 2024 |
| Густина на населението, 2024 | 335.3 | Population density, 2024 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 192 837 | Number of housholds, Population Census, 2021 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 3.1 | Average number of persons per household, Population Census, 2021 |
| Вкупен број на станови, Попис 2021 | 243 252 | Number of dwellings, Population Census, 2021 |
| Живородени, 2024 | 6 496 | Live births, 2024 |
| Умрени, 2024 | 6 119 | Deaths, 2024 |
| Природен прираст, 2024 | 377 | Natural increase, 2024 |
| Доселени од други држави, 2024 | 3 131 | Immigrants from abroad, 2024 |
| Отселени во други држави, 2024 | 528 | Emigrants to abroad, 2024 |
| Стапка на активност, 2024 | 53.7 | Activity rate, 2024 |
| Стапка на вработеност, 2024 | 48.5 | Employment rate, 2024 |
| Стапка на невработеност, 2024 | 9.6 | Unemployment rate, 2024 |
| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2024 | 69 947 | Average gross wage per employee, 2024 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2024 | 46 515 | Average net wage per employee, 2024 |
| Број на основни училишта, 2024/2025 | 160 | Number of primary and lower secondary schools, 2024/2025 |
| Број на средни училишта,  2024/2025 | 35 | Number of upper secondary schools, 2025/2025 |
| Запишани ученици во основното образование,  2024/2025 | 69 162 | Number of students in primary and lower secondary education, 2024/2025 |
| Запишани ученици во средното образование,  2024/2025 | 24 381 | Number of students in upper secondary education, 2024/2025 |
| Број на дипломирани студенти, 2024 | 2 464 | Number of graduated students from universities, 2024 |
| Број на активни претпријатија, 2023 | 28 531 | Number of active enterprises, 2023 |
| БДП по жител, 2023 | 682 511 | GDP per capita, 2023 |
| Број на легла, 2024 | 7 552 | Number of beds, 2024 |
| Број на туристи, 2024 | 453 454 | Number of tourists, 2024 |
| Број на ноќевања, 2024 | 809 478 | Number of nights spent, 2024 |
| Број на изградени станови, 2024 | 4 153 | Number of completed dwellings, 2024 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2024, во илјади денари | 15 304 467 | Value of completed construction works, 2024, thousand denars |
| Број на издадени одобренија за градење, 2024 | 778 | Number of issued building permits, 2024 |

[1)]Претходни податоци/Preliminary data

## Население

Бројот на населението на средина на годината е пресметан врз основа на Проценката на населението на 30.06.2023г.

Извор на податоците за живородените, умрените, како и за склучените бракови е евиденцијата на матичните служби, а за разведените бракови регистрите и актите на надлежните судови.

Извор на податоците за механичкото движење на населението (преселувањата на населението) се пријавите/одјавите за доселени/отселени лица што се пополнуваат во надлежните стручни служби на Министерството за внатрешни работи.

Демографските индикатори се пресметани врз основа на настаните случени во земјата.

## Социјална и детска заштита

Податоците за установите за згрижување и воспитание на деца-детски градинки/центри за ран детски развој се прибираат со редовно годишно истражување – состојба на 30 септември, при што опфатот е целосен, а податоците за корисниците на социјална помош се прибираат со редовни годишни истражувања – состојба на 31 декември, исто така со целосен опфат.

## Култура

Податоците од областа на културата се прибираат од годишни и повеќегодишни статистички истражувања.

Извештајни единици од кои се добиваат податоците се институциите од областа на културата.

## Образование

Извор на податоците се сите обрасци пополнети од извештајните единици.

Извештајни единици се секое основно училиште, средно училиште и високообразовна установа (универзитет, факултет и висока стручна школа), верификувани од Министерството за образование и наука.

Опфатени се сите редовни основни и средни училишта со состојба на почетокот на учебната година.

Во податоците за запишани ученици во учебната 2016/2017 година, за првпат се вклучени и податоци за приватните основни училишта во Република Северна Македонија.

## Population

Population figures are based on Population estimation, at 30.06.2023.

Sources of data on live births, deaths and marriages are the relevant registers, while for divorces, the registers and records of the relevant courts.

Sources of data on mechanical changes in population (migrations) are the forms for registration/notice of departure, which are completed by competent clerks in the Ministry of Interior.

Demographic indicators are calculated on the basis of events occurring in the country.

## Social protection and child care

Data on institutions for child care and education/centres for early childhood development are collected by regular annual surveys with reference date September 30, with total coverage, while data on the beneficiaries of social care are collected by regular annual surveys with reference date December 31.

## Culture

Data in the domain of culture are collected through annual and multi-annual statistical surveys.

Reporting units which send data to the State Statistical Office are the cultural institutions.

## Education

The source of data are the statistical questionnaires, filled in by the observation units.

Reporting unit is each regular primary and lower secondary or upper secondary school and higher education institution (university, faculty and higher vocational school) verified by the Ministry of Education and Science.

All regular primary and lower secondary and upper secondary schools are covered, with reference period - beginning of the school year.

Data on enrolled pupils in the 2016/2017 school year include, for the first time, data on private primary schools in the Republic of North Macedonia.

## Работна сила

Извор на податоците за економската активност на населението е Анкетата за работната сила, која се спроведува во согласност со методолошките препораки на Меѓународната организација на трудот (ILO) и препораките на Европскиот статистички завод (Евростат) почитувајќи ги специфичностите на нашата земја во оваа област.

Единици на набљудување во Анкетата се домаќинствата и сите лица во нив.

Работоспособното население е составено од сите лица на возраст од 15 до 89 години.

Активното население (работна сила) е составено од вработените и невработените лица.

Главни показатели за следење на промените кај работната сила се:

Стапката на активност, како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 години и повеќе;

Стапката на вработеност како учество на бројот на вработените во работоспособното население;

Стапката на невработеност, како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила.

## Плати

Податоците за просечните нето-плати што се објавуваат во „Регионите во Република Северна Македонија" до 2017 година се прибираа од Месечниот извештај за вработени и плати што е воведен во почетокот на 1963 година. Од 2018 година податоците се пресметуваат од административен извор (Управата за јавни приходи).

Деловните субјекти во кои се следат платите од месец на месец се избрани почитувајќи го критериумот на минимум застапеност на 70 % од вработените во секој оддел од Националната класификација на дејностите и според регионите.

Вкупно „исплатените бруто-плати" (плата во вкупен износ) опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување и за професионално заболување.

Бруто-платата (плата во вкупен износ), намалена за вкупниот износ на придонесите и за износот на персоналниот данок, претставува нето-плата.

Под поимот „исплатени нето-плати" се подразбираат просечните остварени примања во месецот (годината) по вработен, остварени за работа со полно, пократко и подолго од полното работно време (прекувремена работа).

## Labour Force

Source of data on the economic activity of the population is the Labour Force Survey, which is conducted in accordance with the methodological recommendations of the International Labour Organization (ILO) and the recommendations of the Statistical Office of the European Communities (Eurostat), taking into account the specifics of our country in this area.

Units under observation in the Survey are the households and all the persons in them.

Working age population comprises all persons aged between 15 and 89.

Active population (labour force) comprises all employed and unemployed persons.

The main indicators for monitoring the changes in the labour force are:

Activity rate, as a share of the labour force in the working age population aged 15 years and over;

Employment rate, as a share of the number of employed persons in the working age population;

Unemployment rate, as a share of the number of unemployed persons in the total labour force.

## Wage

Until 2017, data on the average net wage published in the "Regions of the Republic of North Macedonia" were collected via the Monthly Report on Employees and Wages, which was introduced at the beginning of 1963. Since 2018, data have been calculated from an administrative source (Public Revenue Office). The business entities where wages are monitored on a monthly basis are selected in compliance with the criterion of minimal representation of 70% of the employed in every section of the National Classification of Activities and according to the regions.

Total paid gross wages (wages in total) cover: paid net wages for the reporting month, paid personal tax and paid contribution for pension and disability insurance, health insurance, employment and occupational disease.

Gross wage (total wage amount) less the total amount of contributions and the amount of income tax represents a net wage.

The concept "net wages" applies to average monthly (annual) incomes per employee, for full-time work, shorter or longer than full-time work (overtime).

## Национални сметки

Регионалните сметки се збир од податоци за додадената вредност по региони и бруто-домашниот производ како економски агрегат.

Најголем фонд на податоци при пресметката на бруто-домашниот производ по региони претставуваат податоците од складиштето на податоци во Државниот завод за статистика, во кое се наоѓаат податоците од годишните сметки на деловните единици од сите институционални сектори. Покрај тоа, се користат и податоци од истражувањата на Државниот завод за статистика.

За подготвување на регионалните сметки, во основа, се користи концептот на националните сметки. Се врши дезагрегирање на бруто-додадената вредност по секторите на економска активност, според Националната класификација на дејностите (НКД, рев. 2), односно на бруто-домашниот производ, користејќи ги за дистрибуција на вкупната вредност расположливите индикатори како што се за платите, вработените, индикаторите за изградени станови и др.

## National accounts

The regional accounts are a set of data on value added by regions and the gross domestic product as an economic aggregate.

The largest source of data for calculating the gross domestic product by regions is the data warehouse in the State Statistical Office, where data on annual accounts of the business entities in all institutional sectors can be found. Besides that, data from the surveys of the State Statistical Office are also used.

The preparation of the regional accounts is essentially based on the concept of national accounts. The gross value added is disaggregated by sectors of economic activity according to the National Classification of Activities (NKD Rev. 2), i.e. the gross domestic product, by using the available indicators for distribution of the total value, such as wages, employees, indicators of built apartments, etc.

## Инвестиции во основни средства

Инвестициите во основни средства ја одразуваат вредноста на набавените основни средства од страна на субјектите резиденти на конкретниот регион.

Дистрибуцијата на инвестициите во основни средства е направена според комбинираниот метод. Делот од инвестициите што се однесува на деловните субјекти и единиците во секторот Држава е пресметан врз основа на методот „bottom-up“. Останатиот дел од инвестициите е алоциран врз основа на соодветни индикатори.

Распределбата на вредноста на инвестициите во основни средства е направена според резидентноста на деловниот субјект и според дејноста во која е инвестирано, односно врз основа на принципот на чиста дејност. Сепак, можно е вредноста на бруто-инвестициите во одредени региони да е натценета, односно потценета, поради недостиг на соодветни информации и податоци кои се обезбедени на ниво на т.н. „организациски принцип“.

## Gross fixed capital formation

Gross fixed capital formation represents the value of purchased fixed assets by the business entities, residents of a particular region.

The distribution of regional GFCF is calculated by the mixed method. The majority of GFCF that refers to business and state entities is calculated by the bottom-up method, while the rest is allocated by means of a distribution key.

The value of fixed capital formation is distributed according to the residency of the business entity and activity of investment, i.e. kind of activity principle. However, it is possible that the value of gross investments in certain regions has been over- or underestimated due to the lack of relevant information, especially when data are classified by the so-called organisational principle.

## Земјоделство

Податоците се однесуваат на површините и производството на земјоделските претпријатија и земјоделските задруги, јавните претпријатија кои стопанисуваат со пасиштата и шумите, како и на индивидуалните земјоделски стопанства.

Под обработлива површина се подразбира површина на која се одгледуваат полјоделски посеви, повеќегодишни насади и треви и на која се врши обработка, косење и други земјоделски работи од кои вообичаено се прибираат приноси секоја година. Обработливата површина е составена од ораници и бавчи, овоштарници, лозја и ливади.

Земјоделски површини се површини што се користат за земјоделско производство.

Ораници (ниви) се површини на кои се врши полјоделско производство и на кои се сеат полјоделски посеви: житни, индустриски, градинарски и крмни посеви.

Родни овошни стебла и пенушки винова лоза се стебла/пенушки кои според својата физиолошка зрелост се способни да дадат род во нормални услови на вегетација, без оглед на тоа дали во набљудуваната година дале род или не.

## Agriculture

The data refer to the production of agricultural enterprises, agricultural cooperatives, public enterprises for managing forests and pastures and individual agricultural holdings.

Cultivated land refers to land area under cultivation, used for growing field crops, perennial plants and grasses, where cultivation, harvesting and other agricultural activities are performed and which provide yield every year. The cultivated land consists of arable land and gardens, orchards, vineyards and meadows.

Agricultural area is land area used for agricultural production.

Arable land (fields) refers to land areas where field crop production takes place and which are sown with field crops: cereals, industrial crops, vegetables and fodder crops.

Fruit-bearing trees and grapevine stocks refer to trees and vines which according to their physiological maturity are ready to bear fruit under normal vegetation conditions, regardless of whether they have borne fruit or not in the reference year.

## Статистика на водите

Податоците се обезбедени со прибирање годишни статистички извештаи што ги доставуваат претпријатијата од области на индустријата и рударството.

Снабдување со вода подразбира количество вода што го обезбедиле претпријатијата во текот на извештајната година за разни свои цели. Количествата на овие води се утврдуваат врз база на извршените мерења со водомер на извориштата на водите и производните погони.

Употребена вода е водата што ја употребиле претпријатијата за свои потреби за првпат, односно искористената вода без рециркулација и без повторно користење на веќе употребените води.

## Water statistics

The data are collected from the annual reports submitted by enterprises from the sectors of industry and mining.

Water supply is the amount of water that the enterprises provided during the year for their own purposes. The quantity of such water is determined on the basis of performed metering at water sources and in production plants.

Used water is the water that the enterprises utilised for their own purposes for the first time, i.e. all used water excluding recirculation and reutilisation of used water.

## Комунален отпад

Податоците се добиени од статистичкото истражување за комунален отпад за соодветната референтна година. Периодиката на истражувањето е годишна.

Известајни единици се комуналните претпријатија во Република Северна Македонија. Врз основа на пополнетите извештаи се добиени податоци за вкупното количество собран комунален отпад. Податоците за вкупното количество создаден комунален отпад се проценети.

Комунален отпад е отпад што се собира од или во името на општинските служби. Го опфаќа отпадот од домаќинствата, вклучувајќи ги масивниот отпад, сличен отпад од комерцијални и трговски дејности, службени згради, институции и мали бизниси, отпадот од дворовите и градините, уличниот смет, содржината на отпадните контејнери и отпадот од чистењето на пазарите.

Исфрлање на депонија претставува депонирање на отпадот во или на земја и вклучува специјално опремени депонии и постојани места за привремено складирање, повеќе од една година.

Депонија е објект наменет за отстранување на отпадот со негово истурање над или под земја.

## Municipal waste

The data presented here have been obtained by the statistical survey on municipal waste for the corresponding reference year. The survey is conducted annually.

Reporting units are the public utility enterprises in the Republic of North Macedonia. Data on the amount of collected municipal waste are obtained from the reports filled in by the reporting units. The data on the amount of generated waste are estimated.

Municipal waste is waste collected by or on behalf of municipal authorities. It consists of waste from the households, including the massive waste, similar waste from commercial and trade industries, office buildings, institutions and small businesses, waste from gardens, street waste, the content of waste containers and the waste from market cleaning.

Landfilling is the disposal of waste into or onto the ground; it includes specially equipped landfills and permanent places for temporary storage more than one year.

Landfill is a site intended for disposal of waste on or under the ground.

## Градежништво

Податоците се добиени врз основа на истражувањата за градежните објекти на кои се изведувани работи од страна на индивидуални лица и деловни субјекти.

Тие се прибираат според проектната документација за градежните објекти што ја доставуваат изведувачите до надлежните субјекти.

Како резултат на завршените градежни активности во 2021 година, се добива бројот на завршените станови, додека останатите се станови кои остануваат за понатамошна изградба.

Податоците за издадените одобренија за градење се по видови градба (високоградба, нискоградба или реконструкција на објектите), вредност на објектот, вид на инвеститорот и нив ги доставуваат надлежните служби од областа на урбанизмот при единиците на локалната самоуправа.

## Construction

The data are obtained from the surveys on constructions and construction activities performed both by business entities and private persons.

Data are collected according to the project documentation for the constructions, which is submitted to the authorities by the investors.

The number of completed dwellings is obtained as a result of the completed construction activities in 2021, while the rest are uncompleted dwellings that are to be built in the future.

The data on issued building permits are collected according to the types of constructions (buildings, civil engineering structures or reconstructions), value of the structure, type of the investor, and they are submitted by the authorities from the departments for urban planning in the local self-government units (municipalities).

## Енергија

Енергетскиот биланс се подготвува во согласност со Регулативата за енергетска статистика (Регулатива бр. 1099/2008).

Производството на електрична енергија го опфаќа бруто-производството на обновлива и термоелектрична енергија во државата.

Обновливата електрична енергија ја опфаќа бруто-произведената електрична енергија од хидроцентралите, фотонапонските централи, ветерните централи и биогасните централи.

Производството на термоелектрична енергија претставува производство од термоцентралите и комбинираните електрани.

## Energy

The energy balance is prepared in accordance with Regulation (EC) No 1099/2008 on energy statistics.

The electrical energy generation includes the gross production of renewable energy and thermoelectric energy in the country.

Renewable electricity covers electricity produced from hydropower plants, photovoltaic plants, wind power plants and biogas plants.

The production of thermoelectric energy represents production of thermal power plants and CHP plants. .

## Претпријатија

Во согласност со Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 31/20) и Регулативата (ЕЗ) бр. 177/2008 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 20 февруари 2008 година за воспоставување заедничка рамка за деловни регистри за статистички цели и за укинување на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 2186/93, Државниот завод за статистика води Статистички деловен регистар.

Статистичкиот деловен регистар е збирка на податоци за правни единици (деловните субјекти – правни и физички лица) кои вршат дејност на територијата на Република Северна Македонија) и за статистички единици (претпријатие, локална единица и група на претпријатија) креирани исклучиво според статистички критериуми (за статистички цели).

Основен извор на податоците за Статистичкиот деловен регистар е Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој е надлежен за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и Регистарот на годишни сметки.

Почнувајќи од 2021 година, во Статистичкиот деловен регистар се направени методолошки усогласувања со новата европска регулатива за деловни статистики, Регулативата (ЕУ) број 2019/2152 и Регулативата (ЕУ) за нејзиното спроведување број 2020/1197.

Според Регулативата, од статистички аспект, под поимот претпријатие се подразбира организациска единица што произведува стоки или услуги и има одреден степен на автономија во решавањето. Едно претпријатие може да врши повеќе од една економска активност (дејност) и може да биде сместено на повеќе од една локација. Претпријатието е субјект што може да кореспондира со правната единица (однос 1 : 1), но може да биде и креирано од две или повеќе правни единици (однос 1 : n) и во тој случај се формира сложено претпријатие. Оттука, бројот на претпријатијата во Статистичкиот деловен регистар се разликува од административниот регистар на деловните субјекти.

Поради овие методолошки подобрувања, нема да може да се споредуваат претходно објавените годишни податоци од Статистичкиот деловен регистар со тековните објавени податоци за 2021 година. Објавените претходни податоци за активни деловни субјекти (претпријатија) во 2021 година се последни што се произведени според старата методологија.

## Enterprises

In accordance with the Law on State Statistics (“Official Gazette of the Republic of North Macedonia” No. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 and 31/20) and Regulation (EC) No. 177/2008 of the European Parliament and of the Council of 20 February 2008 establishing a common framework for business registers for statistical purposes and repealing Council Regulation (EEC) No 2186/93, the State Statistical Office maintains a Statistical Business Register.

The Statistical Business Register is a collection of data on the legal units (business entities – legal and natural persons) that perform an activity on the territory of the Republic of North Macedonia) and on the statistical units (enterprise, local unit and enterprise group) created solely according to statistical criteria (for statistical purposes).

The basic source of data for the Statistical Business Register is the Central Register of the Republic of North Macedonia, which is responsible for the management of the Trade Register and the Register of other legal persons and the Annual Accounts Register.

Starting from 2021, methodological adjustments have been made in the Statistical Business Register in line with the new European regulation on business statistics, Regulation (EU) 2019/2152 and Commission Implementing Regulation (EU) 2020/1197.

According to the Regulation, from a statistical point of view, an enterprise is an organisational unit producing goods or services which has a certain degree of autonomy in decision-making. An enterprise can carry out more than one economic activity and it can be situated at more than one location. The enterprise is an entity that can correspond to the legal unit (ratio 1:1), but it can also be created by two or more legal units (ratio 1:n), in which case a complex enterprise is formed. Hence, the number of enterprises in the Statistical Business Register differs from the administrative register of business entities.

Due to these methodological improvements, it will not be possible to compare previously disseminated yearly data from the Statistical Business Register with the current published data for 2021. The published preliminary data on active business entities (enterprises) for 2021 were the last to be produced according to the old methodology.

## Бизнис демографија (создавање и згаснување на претпријатие)

Правна основа за обработка, подготовка и дисеминација на податоците за бизнис-демографија е Регулативата бр. 295/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2008 година, која се однесува на структурните деловни статистики (Анекс IX).

Основен извор за подготовка на податоците за бизнис-демографија во Република Северна Македонија е Статистичкиот деловен регистар.

Бизнис-демографијата ја опфаќа популацијата на активни претпријатија по сектори според Националната класификација на дејностите (НКД), рев. 2., со исклучок на секторите А/А, О/Љ, Т/П и U/Р и класата 64.20.

Основни демографски појави се создавањата и згаснувањата на претпријатијата.

Создавање на претпријатието претставува независен настан што влијае само врз едно претпријатие во популацијата на активни претпријатија и опфаќа креирање една нова комбинација на производствени фактори. Настаните како што се спојување, раздвојување, преземање, издвојување се исклучуваат од процесот на создавањето на претпријатието. Реактивирањето на претпријатието што било во мирување помалку од две години, исто така, не се смета за новосоздадено претпријатие.

Згаснување на претпријатието претставува настан што се однесува на престанувањето (згаснувањето) на една комбинација на производствени фактори, со ограничување други претпријатија да не бидат вклучени во тој настан. Настаните како што се спојување, раздвојување, преземање, издвојување се исклучуваат од процесот на згаснување на претпријатието, како и претпријатијата што по мирување помалку од две години се реактивираат и продолжуваат со својата активност.

## Business demography (enterprise births and deaths)

The legal basis for processing, preparation and dissemination of the data on business demography is Regulation (EC) No.295/2008 of the European Parliament and of the Council of 11 March 2008 concerning structural business statistics (Annex IX).

The basic source of business demography data in the Republic of North Macedonia is the Statistical Business Register.

Business demography includes population of active enterprises by sectors according to the National Classification of Activities - NKD Rev.2, excluding sectors А/А, О/Љ, Т/П and U/Р and class 64.20.

Enterprise births and deaths are basic demographic events.

Enterprise birth is an independent event affecting only one enterprise in the population of active enterprises and involves the creation of a new combination of factors of production. Events such as mergers, break-ups, take-overs, split-off are excluded from the process of creation of a newly born enterprise. A re-activation of an enterprise that has been dormant for a period of less than two years is also not considered as enterprise birth.

Enterprise death represents the dissolution of a combination of production factors with the restriction that no other enterprises are involved in the event. Events such as mergers, break-ups, take-overs, split-off are excluded from enterprise deaths, as well as reactivations of enterprises that have been dormant for a period of less than two years and restart their activity.

## Надворешна трговија

Изворен документ за статистичко следење на извозот и на увозот на стоки е Единствениот царински документ.

Се опфаќа стоката која влегува, односно излегува од Република Северна Македонија и со тоа се зголемува, односно се намалува стоковниот фонд на земјата. Покрај комерцијалниот промет, статистиката ги опфаќа и стоките чиј промет се врши без плаќање на противвредноста.

Податоците по региони се обработуваат според седиштето на извозникот, односно увозникот.

## Foreign trade statistics

The source document for monitoring the export and import of commodities is the Single Administrative Document.

All commodities which enter or leave the territory of the Republic of North Macedonia, thereby increasing or decreasing the commodity stocks in the country, are covered. Besides commercial turnover, the commodity trade without paying counter value is also included.

Regional data are processed according to the headquarters of the exporter or the importer.

## Транспорт

Локален пат – јавен пат што поврзува населени места на територијата на општината или кој е од значење за сообраќајот на општината.

Автобус – патничко моторно возило со седишта за повеќе од девет лица (вклучувајќи го и возачот).

Патнички автомобил – патничко моторно возило, освен мотоцикл, наменето за превоз на патници и конструирано така што во него може да се сместат најмногу девет лица (вклучувајќи го и возачот).

## Transport

Local road - Public road which links the settlements on the territory of the municipality or road significant for the traffic of the municipality.

Bus - Passenger road motor vehicle designed to seat more than nine persons (including the driver).

Passenger car - Road motor vehicle, other than a motorcycle, intended for the carriage of passengers and designed to seat no more than nine persons (including the driver).

## Информатичко општество

Податоците се добиени од Анкетата за користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединци, која се спроведува со годишна периодика на целата територија на Република Северна Македонија, во согласност со Регулативата број 808/2004 на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија.

Единици на набљудување се домаќинството и избраното лице (поединец), член на тоа домаќинство, на возраст од 15 до 74 години.

Широкопојасната поврзаност на интернет вклучува: xDSL-технологии (ADSL, SDSL итн.) или други фиксни (жични или безжични) конекции со висок брзински капацитет (кабелски модем, кабелска ТВ-мрежа, поврзаност со оптичко влакно, сателитска поврзаност, Wi-Fi итн.) и мобилна широкопојасна интернет-поврзаност (трета генерација, 3G или повисока, 3G+ мобилна мрежа, на пример, UMTS, HSDPA).

## Information society

The data were obtained from the Survey on ICT usage in households and by individuals, conducted annually on the whole territory of the country, in accordance with Regulation (EC) No. 808/2004 of the European Parliament and of the Council.

The observation units are the household and a person, member of the particular household, aged 15 to 74.

Broadband Internet connection includes: xDSL technologies, or other fixed (wires/wireless) connections with high-speed capacity (cable modem, cable TV network, optical fibre, satellite connection, Wi-Fi, etc.) and mobile broadband connection (3rd generation (3G) or higher (3G+) mobile networks, e.g. UMTS, HSDPA).

## Туризам и угостителство

Турист е секое лице кое привремено престојува во некое место надвор од своето постојано живеалиште и таму пренокува барем една ноќ во угостителски или некој друг објект за сместување.

Домашен турист е лице со постојано живеалиште во Република Северна Македонија кое привремено престојува во друго место надвор од своето постојано живеалиште и пренокува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување на туристи.

Странски турист е лице со постојано живеалиште надвор од Република Северна Македонија кое привремено престојува во Република Северна Македонија и пренокува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување на туристи.

Податоците се обезбедуваат преку месечно истражување.

## Tourism and catering

A tourist is any person who temporarily spends at least one night in some accommodation establishment not located in his or her usual place of residence.

A domestic tourist is a person with permanent residence in the Republic of North Macedonia who is temporarily present at some other place, different from his/her usual place of residence, and who spends at least one night in some accommodation establishment.

A foreign tourist is considered to be anyone, permanently resident outside the Republic of North Macedonia, who is temporarily present in the Republic of North Macedonia and who spends at least one night in some accommodation establishment.

Data gathering is performed through a monthly survey.